| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | План за управување со Споменикот на природата „Куклица“ |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кратово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за животна средина и просторно планирање |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Проф. Д-р Соња Лепиткова |
| Назив на работното место | Професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип |
| Контакт податоци за лицето | sonja.lepitkova@ugd.edu.mk |

| |
|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| План за управување со споменик на природа „Куклица“, е изработен врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите, утврдени со:<br>• Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/2021),<br>• Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата, со одредени измени и дополнувања во текот на 2010 година ("Сл. весник на Република Македонија"бр. 26/12).<br>како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – Во согласност со член 65 став 2, Стратегиска оцена на животната средина се спроведува на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја. Во конкретниов случај документот се однесува на План за управување со заштитено подрачје-ЗП |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да ☒**<br>**Не ☐** | Член: 3 | Точка: 18 | Алинеја: / |
| | Плански документ за управување со заштитените подрачје | | |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Основна цел на Планот за управување споменик на природа „Куклица“ е да ги заштити, промовира и да ги управува природни вредности, особено геолошките појави во рамките на Спомеников на природата „Куклица“.<br>За постигнување на таа цел, Планот за управување дава визија за управување со спомеников на природата „Куклица“ за долгорочен период, насоки за негова реализација искажани преку општите цели и предложените програми и активности, со препознатливи механизми и носители на активностите, рокови за нивна имплементација како и механизми за мониторинг. Тој го унапредува разбирањето за регионот, неговото толкување и користење како образовно средство, и претставува поткрепа на локалната заедница во нејзиното културно, општествено и |

економско живеење. Планот има за цел да обезбеди целосна рамка за спроведување на одлуките за конзервација, управување и користење на доброто за период од десет години од денот на неговото усвојување.

Во суштина, Планот има за цел да го дефинира значењето на доброто; да даде краток преглед на актуелните проблеми и предизвици; да ги дефинира целите за насочување на политиките и активностите во текот на имплементирање на Планот.

Мерките во акциониот план, како дел од Планот, вклучуваат конкретни активности, за подигнување на степенот на управување со природното и културното наследство. Имплементацијата на дел од мерките предвидени во акциониот план може да допринесат за негативни влијанија врз животната средина, негативно да се одрази врз планираните активности/проекти во останатите плански документи од повисок ранг или на локални планови, или пак да предизвикаат влијанија од социо-економски аспект.

Врз основа на ова се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Управување со заштитено подрачје.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2026-2036 година

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Вкупната површина на споменикот на природата „Куклица“ изнесува 0,55 km$^2$ или поточно 55,7 ha.




**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да☒
Не☐

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Да, Планот за управување со споменикот на природата „Куклица" ќе има значително позитивно влијанијание врз животната средина, пределот, биолошката разновидност, културното наследство, шумите, туризмот и рекреација, локалниот развој и сл. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Имплементацијата на активностите од Планот ќе предизвикаат позитивни долгорочни влијанија врз природното и културното наследство, како и на останатите медиуми и области од животната средина.<br>Меѓутоа веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата, кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности, ќе се утврди на ниво на конкретни плански и проектни активности. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Имплементацијата на активностите од Планот ќе предизвикаат позитивни долгорочни влијанија врз животната средина, биолошката разновидност и животот и здравјето на луѓето. Меѓутоа влијанијата кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности и нивната кумулативна природа ќе се утврдат на ниво на проектна документација. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Имплементацијата на активностите ќе предизвикаат позитивни долгорочни влијанија врз животната средина и животот и здравјето на луѓето. Меѓутоа влијанијата кои ќе потекнуваат од конкретни проектни активности ќе се утврдат на ниво на проектна документација. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Територија на Општините Кратово, со можни влијанија и на поширокото опкружување. Со вкупно население во општината 7545 жители (попис 2021 година) |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Имплементацијата на Планот ќе допринесе за:<br>Одржување хармонична интеракција меѓу природата и културата, преку заштитата на пределот и одржување на историското и културното наследство;<br>Спречување на активности за искористување на подрачјето кои не соодветствуваат на заштитата по својот обем, интензитет и карактер; и<br>Организирање на јавни посети, туристичко-рекреативни активности, како и воспитно-образовни и научно-истражувачки активности, согласно со степенот на заштита, а во врска со постојните карактеристики на подрачјето.<br>- Економски развој на околните населени места преку искористување на природните и културните вредности врз принципите на одржлив развој,<br>- Намалување на изворите на загадување кои претставуваат закана за животната средина и здравјето на населението.<br>Позитивно влијание врз социо-економските развој на општините, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, туризмот, стимулирање на развојот на останатите дејности, комуналните дејности, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување | |

| | |
|---|---|
| на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Со имплементација на Планот се предвидува заштита на природното и културното наследство во рамките на подрачјето на Споменикот на природа „Куклица". Имплементацијата на конкретните проектни активности може да предизвика негативни влијанија на одредени локации кои располагаат со значајна вредност на природните и културните аспекти. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во оваа фаза не може да се одреди употребата на земјиштето за имплементација на дел од активностите предвидени во акциониот план. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Имплементација на планот е во насока на зачувување на геолошки карактеристики и истиот ќе има позитивни влијанија<br>Мерките од Планот ќе придонесат за подобрување на состојбата на геолошките појави кои имаат признати статус на национални заштитени подрачја. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>За имплементација на активностите, предвидени со Планот, ќе се изготвуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина (на ниво на планска документација), студии за оцена на влијанијата врз животната средина и Елаборати за заштита на животната средина (на ниво на проектна документација). | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Донесување на План за управување со Споменикот на природа „Куклица", со програмата за управување со заштитено подрачје не се очекува да имаат негативно влијание на непосредната околина. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Мерките за заштита и унапредување на природното и културно наследство ќе допринесат за намалување на притисоците и загубите на геолошкото наследство, екосистемите, биолошката разновидност, како и културното наследство преку реализација на директните активности кои потекнуваат од акцискиот план, интегрирање на истите во другите сектори, преку примена на подобрени практики за управување природното и културното наследство, што ќе резултира со нивно зачувување и промовирање на одржливоста. | |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги** | |

**предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Имплементацијата на мерките од Планот ќе допринесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз геолошкото наследство, биолошката разновидност, природното и културното наследство, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, начинот на управување со отпад и сл. Имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика промена во другите секторски политики и донесени стратегии, како и во плановите кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветна заштита на природното и културното наследство.

Спроведувањето на планскиот документи ќе овозможи одржливо искористување на потенцијалите на подрачјето во насока на зачување на природните и културните вредности.

**Објаснете како планскиот документ, кој е предмет на разгледување, е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Корелација на Планот за управување со Споменикот на природа „Куклица", со планови, програми и стратегии во хиерархијата на планирање:

- Просторен План на Република Македонија (2002-2020),
- Стратегија за биолошка разновидност на Република Македонија со Акционен план;
- Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027) (нацрт);
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019);
- Трет национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, 2014;
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Националниот план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019);
- Втор Национален Еколошки Акционен План на Република Македонија;
- Национална Стратегија за води (2011-2041);
- Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013);
- Национална стратегија за рурален туризам (2012-2017);
- Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008-2012);
- Стратегијата за мониторинг во животната средина, 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
- Национален план за управување со отпад (2009-2015)
- Стратегија за демографски развој на РМ, 2008-2015
- Национална стратегија за развој на културата за периодот 2013-2017
- Национална стратегија за животна средина и климатски промени, 2014,
- Стратегија за развој на туризмот во источниот плански регион со акционен план (2016-2025)
- Плански и стратешки документи донесени на локално ниво и др.

Целите на Планот за управување со Споменикот на природа „Куклица", со целите на горенаведените документи во целост ќе бидат опфатени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

| | |
|---|---|
| Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за голем дел од националните плански и стратешки документи како на пример: Националната стратегија за транспорт, Стратегијата за води, Третиот национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, Стратегијата за биолошка разновидност на Република Македонија со Акционен план (нацрт), Националната стратегија за заштита на природата и др.<br>Во сите овие документи се препорачува примена на директни мерки на заштита на природното и културното наследство или примена на мерки за заштита на одредени медиуми и области од животната средина кои индиректно ќе придонесат за заштита или унапредување на состојбата на природното и културното наследство. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>При спроведување на мерките од акциониот план, за дел од активностите ќе биде потребно подготовка на план или проект, за кои ќе се изработуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина, студии за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина или елаборати за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, со посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, вода, почва, биолошка разновидност, природно и културно наследство, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, несреќи и хаварии и сл.<br>Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, градежна, оперативна и постоперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Тодорче Николовски |
| Бр. 08-1201/2<br>Датум 15.09.2026г.<br>Место Кратово | М.П |